Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 07.07.2023

На 06.07.2023 во 20.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Велес лишен е од слобода А.Г.(29) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен по претходно добиена судска наредба, била пронајдена марихуана. Лицето е приведено и задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 22.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ж.Т.(38) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 од страна на полициски службеници од ОВР Виница од слобода е лишен Б.К.(26) од с.Дворште, беровско. Околу 16.20 часот на регионален пат на место викано „Пекланска крстосница", при спроведена акциска контрола од страна на полициски службеници од ОВР Виница, во содејство со Шумска полициска станица Виница, било констатирано дека Б.К., кој управувал товарно возило со беровски регистарски ознаки, врши превоз на огревно дрво, без соодветна документација. По целосно документирање ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 21.25 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 17.30 часот, во близина на с.Осломеј, кичевско, од слобода е лишен Р.М.(46) од с.Туин, кичевско, бидејќи кај него бил пронајден кокаин. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 на ул.„Димо Наредникот" во Прилеп од страна на полициски службеници лишен е од слобода малолетник од Прилеп, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 18.40 часот во ОВР Струга е приведен е О.Е.(21) од село Тефериќ, струшко, бидејќи на регионалниот пат Струга – Дебар, кај месноста „Морујошки мост", при контрола на патничко возило „мерцедес" со струшки регистарски ознаки, кое го управувал, бил пронајден и одземен пиштол и рамка за пиштол, кои нелегално ги поседувал. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 22.15 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода А.У.(38) од Гостивар, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 11.45 часот во ОВР Кичево, С.А.(35) од с.Туин, кичевско, пријавил дека на локален пат во селото бил каснат од куче скитник.

На 06.07.2023 во 13.20 часот на Граничниот премин Долно Блаце, за влез во државата, при извршена пасошка контрола на С.И.(45) од Република Северна Македонија со италијанска патна исправа било констатирано дека за него е изречена мерка „апси" од страна на СВР Скопје, врз основа на судска наредба од Основен кривичен суд-Скопје, со која се бара за издржување казна затвор во Казнено-поправна установа Затвор Скопје. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 06.07.2023 во 12.35 часот на Граничниот премин Табановце на влез во државата бил лишен од слобода Д.П.(45) од Р.Чешка. Тој се сомничи дека управувал патничко возило „uin" со чешки национални ознаки кое е предмет на кривично дело, што било утврдено при извршената контрола. Д.П. бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (06.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 189 возачи. Од нив 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 74 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 116 надвор од населено место.

На 06.07.2023 година во 18.20 часот било пријавено дека во Прилеп, на локалниот пат од с.Дупјачани кон с.Небрегово, прилепско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо", управувано од А.С.(25) од Прилеп, кое влечело патничко возило „голф", управувано од Д.Д.(21) од Прилеп, двете со прилепски регистарски ознаки и мотоцикл „хамачи", управуван од О.Ј.(40) од с.Дупјачани. Во несреќата О.Ј. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (06.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 124 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, 11 санкции за возење без возачка дозвола, две мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се две мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, три санкции за некористење сигурносен појас, три мерки за непропишно престројување на возила, девет санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила...

На 06.07.2023 во 20.25 часот било пријавено дека во Скопје на крстосницата од ул.„11 Октомври, ул.„Филип Втори Македонски" и ул.„Даме Грујев" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", управувано од К.Д.(44) од Скопје и мопед „сим", управуван од Д.К.(18) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.07.2023 во 22.20 часот во Полициската станица Карпош, И.Ѓ.(19) од Скопје пријавила дека на ул.„Лондонска" била каснат од куче скитник.

На 06.07.2023 во 14.25 часот во Полициската станица Гази Баба, Е.К.(63) од Скопје пријавил дека на ул.„Сава Михајлов" бил каснат од куче скитник.

На 06.07.2023 во 18.50 часот на улица „Никола Тесла" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Б.С.(43), Ш.З.(55), И.Х.(55) од Гостивар, Н.А.(43) и И.Ц.(49) од гостиварско Србиново и Ф.С.(41) од гостиварско Чегране, поради сомнение дека на истата улица граделе објект без потребните документи. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот.

Денеска (07.07.2023) во 08.55 часот З.К.(54) пријавил дека на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од С.К.(57), двајцата од с.Кучевиште, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 од 08.00 до 20.00 часот полициски службеници од СВР Тетово спроведоа акциска контрола, во рамките на која биле откриени и санкционирани 4 технички неисправни возила (ТЕ) кои имале неисправни сопирачки, 1 (ТЕ) и 1 (ГВ) возило со истечена регистрација, а кај 3 возила (ТЕ) бил констатиран претовар. Покрај ова, 2 возачи (ТЕ) управувале без положен испит и дозвола, 1 (ТЕ) користел мобилен телефон, 1 (ТЕ) на возилото имал поставени неатестирани фолии и 1 (ТЕ) управувал со важечка забрана. Санкционирани, исто така, биле и 24 (ТЕ) погрешно паркирани возила, од кои 12 се подигнати од тетовската „пајак-служба". На сите им се изготвени предвидените поднесоци и тие ќе се соочат со законски предвидените парични глоби и други мерки.

На 07.07.2023 во 04.20 часот, на улицата „7 ноември" во Охрид патничко возило „форд фокус" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.К.(21) од Охрид удрило во пешак И.К.(41) од Охрид, паркирани патнички возила „фиат пунто" и „волво" со охридски регистарски ознаки и „мазда 5" со српски национални ознаки. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, а возачот А.К. со телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. По наредба на јавен обвинител, увид извршија полициски екипи.

Денеска во 08.38 во СВР Скопје е пријавено дека на подрачјето на Аеродром едно лице пукало и го повредило Љ.К(57) пред неговиот дом. Повредеениот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Полициски екипи извршија увид и во координација со јавен обвинител се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2023 во 12.00 часот Ќ.О.(42) од Скопје пријавил дека на 03.07.2023 околу 16.10 часот на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од Е.С.(40), Е.С.(60) и Д.С.(37), сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 16.10 часот било пријавено дека на патот за с.Арачиново, скопско, во патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки бил пронајден починат А.И.(50) од с.Сарај, скопско. Од страна на лекар од Институтот за медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а телото на починатиот е предадено на семејството.

Одделението за внатрешни работи Дебар поднесе кривична пријава против М.Д.(56) од Дебар, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „насилство врз дете". Пријавениот, подолг временски период упатувал закани кон В.Д.(51) од Дебар, а потоа и кон неговиот малолетен син.

На 06.07.2023 во 12.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, поради меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка помеѓу П.Ш.(20) и Ш.Ш.(37), од една страна, и Ј.Е.(42), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.07.2023 во 10.50 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.М.(73) од Скопје, постапувајќи по пријава според која на 05.07.2023 околу 17.30 часот на подрачјето на Карпош, додека малолетничка седела во нејзиниот двор со две другарки, тој во соседниот двор од неговата куќа се соблекол и недолично се однесувал пред нив. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Одделението за внатрешни работи Струга поднесе кривична пријава против Е.М.(23) од село Радолишта, струшко, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „тешки дела против здравјето на луѓето". На 05.04.2023 пријавениот, за да се стекне со противправна имотна корист, на Д.В. од село Велешта, струшко, му продал коканин, кој откако го употребил му се сложило и бил пренесен во Општата болница во Струга.

На 06.07.2023 во 09.45 часот М.С.(55) од Скопје пријавил дека на 01.07.2023 околу 11.00 часот во с.Драчевица, скопско, неговиот малолетен син бил физички нападнат од П.И. и неговите двајца синови, при што П.И. употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2023 во 15.00 часот Ш.А.(54) од с.Сарај, скопско, пријавил дека во селото од залутано зрно му била оштетена шоферската дозвола од неговото патничко возило „голф" со скопски регистарски ознаки. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.07.2023) Одделението за крвни деликти - Единица за насилен криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава по брза постапка против Е.М.(27) од с.Сарај, скопско, постапувајќи по пријава од 06.07.2023, според која тој, на подрачјето на Шуто Оризари, извршил обљуба врз неговиот малолетен роднина. Е.М. е изведен пред судија на претходна постапка.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.И.(29) од Свети Николе, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 01.03.2023 во 19.15 часот полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе, при извршен претрес во домот на пријавениот, пронашле и одзеле 25 куршуми, кал.7,65 мм и повеќе модели на автоматско огнено оружје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет